# ОХРИД МАГАЗИН

ОХРИД МАГАЗИН

www.ohridmagazin.mk

Број: 5

Цена: 70ден






**ИРЕНА АРНАУДОВА**
**ВОРКОХОЛИК И ХЕДОНИСТ ПОДЕДНАКВО**



**ИВАН ТАСЕСКИ**
**КОЈ Е ИВАН ТАСЕСКИ**

OHRID 1
OHRID 1
www.ohrid1.com

## СУЗАНА НАУМОСКА
## ЖЕНА СО ЦВРСТА РАКА И СВИЛЕНА РАКАВИЦА

Objectif liquid CAFE BAR Objectif liquid CAFE BAR

# СУЗАНА НАУМОСКА

# ЖЕНА СО ЧЕЛИЧНА РАКА И СВИЛЕНА РАКАВИЦА



**Таа оди чекор по чекор кон успехот. Од 1994 до сега „SPA Изида" стана лидер во оваа област. Сузана има над 30 лиценци и дипломи за работа и е единствен козметолог од регионов со мајсторска диплома од Занаетчиската комора од Кобленц – Германија. Под нејзино менторство курс во Охрид завршиле над 400 кадри. Љубовта и романтиката се зачини присутни во сите нејзини активности. Има уште многу,ама се може да се подведе под една реченица: „Допирот на кожата прераснува во допир на душата."**

**Истата си од почетоците или те промени времето и животот?**

Мислам дека сум изменета. Некои базични работи се исти, ама доста други се променети. Истрајноста и границата на толеранција се повеќе и повеќе се зголемува. Значи животот не учи како да носиме поголем товар. И секако искуството и времето не учат дали и како да ја продолжиме визијата или да го почекаме вистинското време.

**Кога започна со бизнисот, претпоставуваше дека ќе стигнеш до овој стадиум?**

Не. Имав визија дека треба да стигнам некаде, како и секој кој што започнува нешто ново. Понекогаш си мислам дека времето и животот некако побрзо ми го донесоа ова што го имам денеска отколку што мислев. Нормално, сега имам уште поголема визија и се надевам дека повторно ќе ми се оствари.

**Со која мисла ги минуваш препреките, својствени на еден човечки живот?**

За мене главна мисла е:„Човекот постигнува толкав успех, колку што очекува од себеси ". Со цврста волја и многу работа неминовни се успесите. Тоа го покажува и моето денешно достигнување.

**Што доби условно со успехот во оваа област, а што загуби?**

Ја промовирав мојата професија како професија која зазема еден голем сегмент во културата на живеење. Без wellnes и spa центри нема современ живот, но и туризам. Светот тоа го знае. Начинот на живот и набиеното темпо со себе го носат

## Романтиката на прво место

Во хороскоп сум овен и сум многу романтичен човек. Секогаш викам дека едно доживување во романтичен амбиент е тоа што ми треба. Така се чувствувам далеку подбро телесно, духовно и во секој поглед

стресот како последица. Зголемена е границата на работното време. Од осум часа на дванаесет,па дури и на четиринаесет часа дневно. А со кампањата за претприемништво ние од приватниот сектор работиме и по дваесет и четири часа. Тоа значи дека колку повеќе работиме, толку побрзо ни треба и телото да го вратиме во една опуштена форма или во првобитната состојба на разумност и смиреност. Од друга страна тоа значи синхронизација на разум, ум, тело, душа и енергија.

**Што те прави среќна?**

Во различен период од мојот живот, различни работи ме правеле среќна. Денеска тоа е спојот со природата, спокојни прошетки низ нашиот убав град, крај езеро или на планина. Значи тоа се ситните нешта кои се составен дел од овој живот. Тие ме прават среќна.

**Мислите ли дека ова е време на жената?**

По бројните кампањи на Балканот и низ Европа каде што сум била на конгреси и конференции активноста на жената се зголемува. Нејзината улога повторно е и сопруга, мајка, домаќинка и пријателка и бизнис жена. Но, мислам дека во оној семеен дел во улогата на партнерство дека во тоа е многу сменета улогата на жената. Мислам дека само со соработка и партнерство без разлика за што се работи во ова време ќе можат и двајцата сопружници да успеат.

**Лојална конкуренција или не и дали ја надмина фазата кога другите знаат повеќе за тебе од самата себе?**

Често се случува додека стигнам дома информациите да стигнат пред мене за тоа каде, со кого сум била и разговарала. Цел живот се бориме во едни вакви мали места тоа да го надминеме. А со конкуренцијата. Мене ми е драго што во Занаетчиската комора се направи една козметичка секција каде што сите заедно седнавме да продискутираме што значи нашата професија, кои се нормативите, како да ја цениме и да продолжиме на овој пазар да функционираме. Она што го гледам како на други места функционира е дека секој од нас според квалитетот, рејтингот и брендот треба да си најде свое место во по еден од нашите хотели. Ги имаме доволно на ривиерава и дека со проширувањето на туристичката сезона и ние треба да се најдеме во понудата на овој туристички град.

**Се кршат ли тие табуата. Влегуваат ли мажи се почесто во салоните?**

Ова ќе го кажам со полно право дека машката популација денеска, посебно младите генерации почнуваат да обраќаат внимание на својот изглед. Има и такви кои јавно се изјасниле и кажале дека никогаш нема да користат вакви услуги. Но мажите се почесто се определуваат да дојдат за маникир, педикир, обликување на веѓи, депилација, на раце, нозе, грб и гради и масажи. Ова се основни работи коишто често машките ги практикуваат поради сопствена нега и хигиена за здравје и убавина.



**Се случува ли одредени лица да посакаат промените да се случат преку ноќ?**

Да. Често се случува. Тоа се психолошки моменти во животот кога некој наеднаш пред огледало ќе констатира дека ја видел својта повозрасна и изменета физиономија и сака да се врати на претходното и

### Сузе за животните вистини

## Делете ја љубовта – сите ќе завршиме исто

Патувале низ пустина три рози. Ден за ден една од нив станувала се покревка, губела вода, станувала изнемоштена и побарала помош од другите две. Пријателките не и даваат помош и таа така го завршува патувањето. Другите две продолжуваат по патот и повторно едната од нив е послаба , ден за ден овенува и бара помош, вода од другата, а таа не и дава и така умира. Третата сама продолжува на патувањето. Сепак колку и да е силна и цврста еден ден завршува и нејзиното патување. Пораката е : Давајте ја љубовта бидејќи на крај сите завршуваме подеднакво.

## Сузе за животните вистини
## Делете среќа, а не тага

Во болница лежат двајца пациенти. Едниот лежи до прозорец и е повреден во коленото, другиот има повреда во рбетот и не може да се исправи. Овој што е до прозорецот секој ден му раскажува интересни приказни за тоа што се случува надвор. По неколку месеци човекот кој што раскажувал починал, а другиот замолил да го преместат до прозорецот бидејќи му недостигаат живописните приказни за тоа што има надвор кои му ги раскажувал покојниот. Кога доаѓа до прозорецот, тој гледа само еден ѕид и ја прашува сестрата – Кога е изграден овој ѕид, овие неколку дена? – Не господине, му одговара сестрата. Ѕидот е тука со години. Тогаш пациентот повторно прашува. – Ве молам кажете ми, каков беше мојот пријател ? Беше слеп – му одговорила сестрата.

Пораката за животот и живеењето е - Направете некого среќен, помогнете му . Дај те му некоја приказна, поделете ја со него среќата бидејќи таа се множи така. Ако делите тага, тагата ќе се множи. А сите сакаме убавите мигови често да ни се случуваат!

да го врати времето. Но полека сите се прифаќаме такви какви што сме. Со редовна нега можат да се постигнат многу големи резултати. И пораката е на сите кои што сакат на четриесет да изгледаат убаво,негата треба да ја почнат од дваесет години. За оние кои сакаат инстант да се вратат во старото изданмие и поубави тука се пластичните операции, филери, ласери и ред други зафати.

**Како изгледа еден обичен работен ден на Сузана? Констатација на многумина е дека насмевката од усните никогаш не ти исчезнува.**

Се трудам сето тоа да го задржам бидејќи луѓето секогаш сакаат да се во близина на позитивните личности. Дел од нашата работа е да ја даваме таа позитивна енергија покрај сите третмани и ритуали што ги правиме. Нервозен човек не може да ги допира клинетите.Кај нас важен фактор е допирот. Уметноста на допирот е таква што тие можат да осетат како се чувствуваме во мигот. Без разлика на се, ни еден тежок момент во нашиот ден не смее да го наруши нашето тело и дух. Инаку, мојот работен ден започнува рано наутро. Прво подготвувам јадење за семејството. Многу мислат дека ние бизнис жените не правиме ништо дома. За жал вистината е поинаква. Домаќинството мене ми е секогаш на прво место. Од девет до единаесет банки, фактури , плаќање разни сметки. Еден дел од претпладнето го минувам на работа , ако имам време одам дома на ручек ако не продолжувам со работа до осум или десет навечер. Во меѓувреме десеттици телефонски разговори, набавка на материјали и ред други нешта што ги бара овој бизнис.Треба да се најде време за пријателките и другарките и за активностите во Занаетчиската комора и во Лајонс клубот...

**Има време за се?**

Кога човек добро ќе се организира има време за се. За ручек, прошетка, време за своите пријатели, да им се помогне на децата ако е потребно. Креативноста е важна, животот денеска дава шанси за многу работи кои треба да се искористат и искусат.

**Умешност или уметност. Да се троши толку колку што се има или понекогаш и повеќе од тоа?**

Често трошам и повеќе од што имам. За мене тоа е предизвик да ги надоместам парите и пак да дојдам во позитива.

**На што не можете да одолеете?**

Чевли, чорапи, чанти, накит, крзна, капути и се разбира на шминки и останата декоративна козметика. Често и на добра книга и на патувања.

**Кои се патувањата за спомен. Независно сврзани со работата или приватноста?**

Ќе го издвојам патувањето во Франција, Азурниот брег, Ница, Кан, Монако, па Болоња и саемите за козметика во Белград, Љубљана, Јадранот, Турција. Мене секогаш ме привлекуваат различни култури. Најчесто патував во Албанија кога таа како земја не беше развиена како денес.Таму вршев едукации во Тирана и на Косово во Приштина. Секаде учев, разменував искуства со тамошните жители. И од секаде носам некое поинакво искуство.

**Се гледа ли на жената поинаку во бизнисот и во општеството. И дали почесто и се префрла како тоа стигнува до успехот?**

Со таква потешкотија се судруваат сите бизнис жени. На почетоците се судрував и со тоа дека мојата професија е неморална, а денеска прерасна во една професија во која што се замешаа и докторите бидејќи е во тренд со модерниот живот. Ние сами ја правевме развојната поли-





тика на овој пазар. Колку успеавме покажуваат резулатите. Како бизнис жена патувањата вие мора да ги ограничите. Бидејќи средината секогаш ги забележува вашите отсуства, вашите појави во медиуми што ќе кажете и секој збор ви е измерен. Моето излегување во тренерки по чаршија не е дозволено. Некои си дозволуваат и ми велат – Каде сте тргнале така, за вас тоа е несериозно , вратете се и слично. Понекогаш навистина е тешко да сте во јавност. На пример: таксистот знае каде да ве однесе, знаат што сакате да купите, ве познаваат. Тоа е еден дел од маркетингот кој што годи за развој на професијата, а е пречка во приватноста.

**Ќе влезе ли некоја од двете ќерки во бизнисов или?**

Прво им дадов можност двете да се пронајдат себеси . Како што јас од медицински лаборант прво решавајќи си го сопствениот проблем со лицето подоцна се најдов во овие води. Дојдов да им помогнам на сите и да им ги скратам маките од типот - како до совршено и убаво лице и како против пубертетските акни. Поголемата ќерка Зорица зборува пет јазици и се запиша на право. Летово работеше тука. И рече дека ова би и било алтернатива. Помалата Наталија е втора година во гимназија и се уште се бара, иако како мала сакаше да е физиотерапевт.

**И твојата и професијата на сопругот Круме се уметнички.**

Често ќе споменам дека мојот сопруг е професор – историчар на уметност и археолог кој што работи пронаоѓајќи иформации за минатото, а јас ги подготвувам луѓето за прекрасни мигови кои ги очекуваат во иднина. Така нашите професии земаат широк спектар на делување.

**Изида ја пронајдовте од различен аспект двајцата?**

Кумот на фирмата е сопругот. Тој и го даде името „Изида". Нејзиното значење е Божица на преобразбата и плодноста. Влегувате изморен, истоштен, а излегувате помлад, поубав, посвеж и со позитивна енергија.

**И како изгледа еден сон на Сузана?**

Сонувам со отворени очи. Секогаш десет пати ќе измерам додека да пресечам и да го реализирам сонот. Значи претпазливо им пристапувам на соништата. Сакам да ги пуштам нозете неколку чекори напред ,ама за тој чекор претходно добро, добро ќе размислам. Сакам spa фарма или центар со најновите ритуали и мириси на сено, лаванда, рузмарин, спој на сите неодоливи мириси што не опкружуваат.

**Си добра пријателка и рамо за плачење или понекогаш и ти го бараш истото од нив?**

Најчесто сум рамо за плачење. Чувам толкави тајни и со задоволство го носам тој товар со желба сите да се исполнети и среќни. Другарките ми се секогаш тука, ако ми потребаат. Но мене не ми е дозволено да плачам и да се жалам секогаш тоа морам на нозе да го поминам.

**Таквите приказни минуваат овде додека траат масажите и другите зафати на разубавување?**

Да најчесто така е. Деведесет проценти од нашата работа во последно време е психологија и внимание. Се она што го немаме и не го добиваме дома, на работа од пријателите и слично. Често имаме пари,ама не и внимание. Можеме денес и тоа да го купиме, но не тоа така едностав но да се купи. Буквално треба да се навлезе во сржта на тоа внимание - што на тој човек му недостига? Не се секогаш комплиментите она што ќе ја направат жената среќна. Начинот на кој што може да се достигне тоа е различен. Може еден цвет да напра ви поголемо задоволство, додек букет од сто рози да создаде некој негативност кај некоја жена.

Важен е моментот: како, каде, н кој начин и на кое место се случув случката!

**Милчо Јованоски**

## Детство минато во Германија

Раното детство го минав во Хановер – Германија, таму е роден и мојот брат. Можам да кажам дека носам спомени од сите мои другари Италијанци, Германци, Хрвати , Словенци. Од германското ми остана само акцентот. Таму сме биле шест години и сме се вратиле во Лескоец . Од тоа прекрасно детство и рана младост ги носам спомените за зрелите, јагоди, сливите и другото овошје и зеленчук со кој што овој крај и сега е богат. Понекогаш се сеќавам на дружењата со другарките, смеата и безгрижноста. Можеби затоа сега ги сакам планините, пливањето, читањето книги и се она што е спој со природата.

## Мое омилено јадење : „Охридска пастрмка со ореви"

Рибата се отвора по целата нејзина ширина и должина. Се става маслиново масло, лукче, магданос, бело вино и се рабира многу, многу ореви Сето ова се пече во рерна. Ова го имам обелоденето во моето мени - публикација на Младинскиот совет на Охрид. Во таа публикација со свои рецепти беа застапени дел од бизнис – жените, јавниот и политичкиот живот од Охрид. Таа гастрономска изложба од зготвените јадења која покажа дека сме и успешни домаќинки беше во Центарот за култура „Григор Прличев" минатата година.